Миле МИХАЈЛОВ

# ВОЕНОЗАДНИНСКИТЕ ОРГАНИ ВО НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНАТА ВОЈНА НА МАКЕДОНИЈА (1941-1945), ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА И НИО „СТУДЕНТСКИ ЗБОР", СКОПЈЕ 1992, 419

Книгата ,,Военозаднинските органи во Народноослободителната војна на Македонија (1941-1945), на Миле Михајлов претставува монографски труд посветен на дејноста на военозаднинските органи, односно на воената власт во задницата. Главната интенција на авторот била да ги опфати и истражи сите аспекти на споменатата власт во вардарскиот дел на Македонија од 1941 до 1945 година, а тоа се: Формирањето и развојот на военозаднинските органи, специфичните услови во кои се одвивала нивната дејност, најнепосредната помош што им ја пружале на партизнските одреди и единиците на НОВ на Македонија, соработката со органите на новата револуционерна народна власт и други. Истите се обработени и презентирани хронолошки и тематски.

Во композицијата на книгава се инкорпорирани пет глави, предговор од авторот, вовед, заклучок, резиме на англиски јазик, пет прилози на документи, кратенки, список на консултирани извори и литература, регистар на лични имиња и регистар на географски поими.

Во првата глава „Развојот и организацијата на военозаднинските органи во првите години на востанието во Македонија (1941-1942)", стр. 27-70, е даден поголем простор на специфичните услови во Македонија по нејзината нова окупација и поделба во април 1941 година и на формирањето и дејноста на Покраинскиот воен штаб и Главниот штаб на НОПО на Македонија 1941-1942 год. Посебно внимание, согласно со темата на монографијата е посветено на месните воени штабови и

на селските воени комитети како помошни органи на месните воени штабови во заднината, бидејќи тие покрај другите дејности биле ангажирани во исполнувањето на одредени задачи и должности од областа на военозаднинската власт, во отсуство на одделни военозаднисnки органи.

Во Втората глава „Развојот на вооружената борба во 1943 година, создавањето на слободната територија и првите военозаднински органи", стр. 71-151, се опфатени голем број настани од развојот на Народноослободителната борба во текот на 1943 година, кои директно или индиректно се поврзани со формирањето и дејноста на военозаднинските органи. Посебно се истражени и презентирани военозаднинските органи кои се појавиле и дејствувале на слободната територија во западниот дел на Македонија во втората половина на 1943 година.

Третата глава „Положбата и делувањето на военозаднинските органи од крајот на декември 1943 до јули 1944 година", стр. 153-200, е посветена на формирањето, опстојувањето и работата на военозаднинските органи во време на подготувањето и изведувањето на февруарскиот поход и Пролеттната офанзива во 1944 година. Во овој период посебно биле забележителни активносите на военозаднинските органи на просторот на Петтата оперетивна зона т.е. во североисточна Македонија.

Во четвртата глава „Военозаднинските органи во завршните опереции за ослободување на Македонија (јули 1944-15 мај 1945)", стр. 201-282, вниманието на авторот целосно е свртено кон основната тема на монографијата, а тоа е во согласност со се поповолните објективни услови за организационото проширување и зацврстување на военозадниснкисте органи на целата територија на Македонија нивното редовно функционирање. Најголем простор е посветен на промените во организацијата на воено териториjалните подрачја, формирањето на четирите оперативни зони, а потоа на трите корпусни подрачја, на организационата структура на военозаднинските органи, со посебно задржување на командите на воените подрачја во првата, втората, третата и четвртата опрератива зона.

Во петтата глава „Основните дејности на военозаднинските органи", стр. 283-360, тематски се обработени и презентирани следните дејности на военозаднинските органи: мобилизацијата, снабдувањето (интендатурата), разузнавачката служба, судската служба и санитетската служба.

Авторот на книгата, Миле Михајлов, користел и консултирал бројни необјавени и објавени архивски материјали од Архивот на Македонија, од подрачните и градските архиви и историските музеи во

Македонија, од Архивот на Военоисторискиот институт во Белград, повеќе објавени зборници на документи за НОВ во Македонија, необјавена мемоарска граѓа и поголем број книги и статии.

Оваа монографија за организацијата и дејствувањето на военозаднинската власт во Македонија во текот на Народноослободителната војна претставува значаен придонес за расветлување на уште еден аспект на Народноослободителната војна во вардарскиот дел од Македонија во време на Втората светска војна.

Даринка Петреска